| | | |
|---|---|---|
| This Trust Fund is funded by the European Union | EU Local and Regional Competitiveness Project | This Trust Fund is administered by the World Bank |

**Република Северна Македонија**
**Кабинет на Заменик Претседателот задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и инвестиции / Општина Велес**

# П О Ј А С Н У В А Њ Е 3
## на тендерска документација

НАЦИОНАЛНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Реф. бр. LRCP-1/18-SG-34-NCB-G-1

## Набавка и монтажа на Смарт опрема за Општина Велес

Во објавената тендерска постапка за изведба на градежни работи **„Набавка и монтажа на Смарт опрема за Општина Велес“**, ви ги доставуваме одговорите на втората група од поставените прашања од заинтересирани понудувачи во врска со тендерската документација и техничката спецификација:

1. Поглавје - 3.1 Post qualification requirement (ITB 36.1) - „Ако понудувачот не е производител, но ја нуди стоката во име на производителот со Manufactures Authorization Form (Section IV, Bidding forms), производителот ќе ги покаже горенаведените квалификации (i), (ii), (iii) и Понудувачот треба да докаже дека успешно завршил најмалку ______1______ договор од слична природа во изминатите _______5_____ години “.

*Прашање/коментар:*

Во врска со делот за EV полнач, бидејќи ние немаме претходен завршен договор во оваа област, ве молиме за одговор дали имаме право да учествуваме за овој дел користејќи референци од слична природа од нашите референци за Паметен град (Паметно паркирање, Паметно осветлување, Паметно управување со енергија , паметно управување со отпад) или задолжително е да имаме конкретна референца за EV полнач во последните 5 години.

**Одговор 1: Цитираното барање означува “слична“, а не идентична природа на имплементиран проект ниту на специфични идентични елементи од “паметното решение“ како фактор за елеминиција.**

2. Поглавје-Other requirements - „Економскиот оператор треба да обезбеди централна точка за координација – Проект Менаџер со најмалку 3 успешни имплементации за слични паметни интеграции“

*Прашање / коментар;*

(1) Ве молиме, разјаснете дали Проект менаџерот треба да има најмалку 3 или најмалку 1 релевантна имплементација (согласно точка 3.1.Post Qualification requirements)

(2) Дали фразата слична паметна интеграција се однесува на било која референца за паметен град (паметен паркинг, паметно осветлување, паметно управување со енергијата, паметно управување соотпад, итн.) или се однесува за некој спецфичен вид?

**Одговор 2: Проект менаџерот мора да има 3 "релевантни" (но незадолжително идентични) имплементации. Имплементации на паметна опрема од значителен обем и разновидност ќе биде земено во предвид како валидно искуство.**

3. Поглавје - 3.1 Post qualification requirement (ITB 36.1) - „Економскиот оператор треба да обезбеди централна точка за координација - Проект Менаџер со најмалку 1 успешна имплементација за евиденција на слични паметни интеграции."

*Прашање / коментар:*

(1) Ве молиме да ни објасните дали ова барање е за секој производител или за целиот проект

(2) Ако е за целиот проект, дали треба да побараме од секој производител да назначи по еден Проект менаџер и да го наведе писмено неговото име и презиме?

**Одговор 3: Како и секој проект, така и овој се очекува да биде воден од одговорна личност – Проект Менаџер – што ќе ја води и надгледува имплентацијата на сите елементи од комплетниот систем. Како доказ за искуството и познавањата на Проект Менаџерот треба да се достави комплетно CV со деталите за лицето и претходните имплементации.**

4. Поглавје / страница - Other requirements - „Предвидените трошоци за работа и одржување за време на траењето на опремата треба да бидат помалку од 20% од понудената опрема во понудата"

*Прашање / коментар:*

(1) Може ли да го разјасните времетраењето на траење на опремата? Дали се работи за гаранција од 3 години или за вкупно 10 години?

(2) Дали поимот „оперативни" трошоци се однесува на all men effort costs за планираното или непланирано одржување во текот на 3 + 7 години?

**Одговор 4: Се применуваат стандардните принципи на гаранција во времетрањењ од 3 години. По тој тригодишен период, следи седумгодишен период во кој добавувчот ќе се обврзе да обезбедува резервни делови и сервисни услуги. Вкупната сума за тоа одржување не смее да надмине 20% од сумата понудена за целосна имплементација на системот.**

5. Поглавје / страница - 3.1 Post qualification requirement (ITB 36.1)- „Економскиот оператор треба да обезбеди доказ за 1 успешен договор од слична природа, обем и вредност, за имплементација што вклучува паметни интеграции во изминатите 5 години, со вредност од најмалку 3.000.000 МКД "

*Прашање / коментар:*

Може ли да разјасните дали износот се однесува за секој конкретен производител или за целиот проект?

**Одговор 5: Износот се однесува на целиот проект.**

6. Поглавје / страница - 3.1 Post qualification requirement (ITB 36.1) -За да се докаже финансиската способност, понудувачот или производителот мора да обезбеди:

1. Потврда од Централниот регистар за регистрирана дејност.

2. Потврда од Централниот регистар дека не е поведена постапка за стечај против компанијата

*Прашање / коментар:*

Појаснете кој треба да обезбеди ги достави документите од Централниот регистар: само понудувачот? Производител на секое решение (Паметно осветлување, Паметен паркинг, Паметни полначи за електрични возила, Паметни клупи, е-Велосипеди со паметни брави, Паметно решение за управување со отпад, интегриран софтвер решение за надзор и контрола на паметните компоненти - Таблата на градоначалникот?, или и понудувачот и производителот на секое решение?.

**Одгвовор 6: Овие барања се однесуваат само на фирмата понудувач.**

7. Поглавје / страница- Manufacturer Authorization Form

*Прашање / коментар:*

Ве молиме да не информирате што треба да пополниме во следниве точки на Manufacturer Authorization Form?

ICB No. : [insert number of the bidding process]

Alternative No.:[insert identification No if this is a Bid for an alternative]

**Одговор 7:**

https://drive.google.com/file/d/1mED8hX1RQG-MNjaDOEvAWqWKw7Coy3QW/view?usp=sharing

8. Поглавје / страница - Одговори на нашите прашања кои ни ги доставивте

- Ваш одговор: Можете да ги видите цртежите за картата и локацијата на сензорите за паркирање на езерото Младост во поголема резолуција од документот во pdf, што е извадок од основниот проект за електрична енергија на следниот линк:

https://drive.google.com/file/d/1mED8hX1RQGMNjaDOEvAWqWKw7Coy3QW/view?usp=sharing

*Прашање / коментар:*

При отворање на линкот, ја добиваме следнава error:

”Sorry, he file you have requested does not exist.

Make sure that you have the correct URL and the file exists”

Ве молиме да ни го доставите правилниот линк.

**Одговор 8:**

https://drive.google.com/file/d/1mED8hX1RQG-MNjaDOEvAWqWKw7Coy3QW/view?usp=sharing

9. Поглавје / страница - Одговори на нашите прашања кои ни ги доставивте - Ваш одговор: ИСО-сертификатите за произведената опрема треба да ги обезбеди производителот на опремата.

*Прашање / коментар:*

Ве молиме да ни појасните кој треба да достави ИСО сертификати: само понудувачот?, производителот на секое решение (Паметно осветлување, Паметен паркинг, Паметни полначи за електрични возила, Паметни клупи, електронски велосипеди со паметни брави, Паметно решение за управување со отпад, Интегрирано софтверско решение за надзор и контрола на паметните компоненти - Таблата на градоначалникот? или и понудувачот и производителот на секое решение?

**Одговор 9: Одговорот на ова прашање останува ист. ИСО-сертификатите за произведената опрема треба да ги обезбеди производителот на опремата. Понудувачот не може да гарантира или да има сертификат за стандардите според кој некој друг призведува одреден продукт.**

Антонија Шишак
Директор на проектот